# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

**Службен весник на РМ, бр. 116 од 01.09.2010 година**

## Член 1

Во Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија" број 5/98 и 89/2008), членот 13 се менува и гласи:
„Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице што ќе објави нелекториран текст (член 7 став 1).
Глоба во износ од 600 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.
За прекршокот од ставот 1 на овој член на правното лице може да му се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предмети со кои е извршен прекршокот."

## Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".